DocuSign Envelope ID: ABB41C5A-5845-48E4-94FF-4171B4DC8F46

United Nations Entity for Gender Equality and the Empowerment of Women

# МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ МЕЃУ ТЕЛОТО НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ – UN WOMEN

# И

# ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Овој Меморандум за разбирање („МзР") се склучува меѓу Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women) и Државниот завод за ревизија (ДЗР) („Партнер"). UN Women и Државниот завод за ревизија во понатамошниот текст поединечно се нарекуваат „Договорна страна", а заеднички „Договорни страни".

**СО ОГЛЕД НА ТОА ШТО,** UN Women е помошен орган на Обединетите нации чиј мандат е постигнување родова еднаквост и зајакнување на жените;

**СО ОГЛЕД НА ТОА ШТО,** UN Women ја препознава важноста на соработката со партнерите при остварувањето на својот мандат и стратешките цели;

**СО ОГЛЕД НА ТОА ШТО,** Партнерот е независна врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија, која повеќе од 20 години транспарентно, навремено и објективно ја информира јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии. Мисијата на институцијата е навремено и објективно да го информира Собранието, Владата, и другите јавни институции за ревизорските наоди од спроведените ревизии и да дава ефективни препораки на државните институции за унапредување на управувањето со јавните средства. На тој начин ДЗР придонесува за подобрување на животот на граѓаните на Република Северна Македонија.

**СО ОГЛЕД НА ТОА ШТО,** Партнерот го поддржува мандатот на UN Women во согласност со Резолуцијата 64/289 на Генералното собрание на Обединетите нации и Стратешкиот план на UN Women за периодот 2022-2025, и преку своите независни ревизии може да процени до кој степен родовата перспектива е интегрирана во јавните политики и буџети, со што се придонесува за севкупното унапредување на родовата еднаквост и зајакнувањето на жените.

**ЗА ТАА ЦЕЛ,** Договорните страни се согласуваат меѓусебно да соработуваат како што следува:

DocuSign Envelope ID: ABB41C5A-5845-48E4-94FF-4171B4DC8F46

**Член I**
**Опсег на МзР**

1. Со овој МзР, заедно со анексите наведени подолу кои претставуваат негов составен дел, се утврдуваат одредбите и условите за соработката меѓу Договорните страни:
   a. Анекс I: Опис на активностите
   b. Анекс II: Општи услови за соработка („Општи услови“).

2. Овој МзР и сите последователни договори склучени во согласност со него го сочинуваат целокупниот договор меѓу Договорните страни во поглед на предметот на договорот и ги заменуваат сите претходни усни или пишани комуникации за предметот.

**Член II**
**Области на соработка**

1. Договорните страни се согласуваат да соработуваат со добра намера со цел да ги постигнат своите заеднички цели, кои се:

   а) Унапредување на спроведувањето на обврските за родова еднаквост во согласност со националните закони и политики, како што се Законот за еднакви можности на жените и мажите, Националната стратегија за родова еднаквост (2022-2027), обврските утврдени со Буџетскиот циркулар и законот за буџет, и во согласност со меѓународните и национални обврски, вклучувајќи ја и Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриманција на жените (ЦЕДАВ), и други договори на ОН за човековите права, целите за одржлив развој (ЦОР), и Пекиншката платформа за акција (ППА).

   б) Промовирање на родово одговорно управување со јавните средства и зајакнување на отчетноста на трошењето на јавните средства за родова еднаквост преку систематско спроведување на родово одговорно буџетирање.

   в) Унапредување на капацитетите на вработените во ДЗР за спроведување ревизии на успешност во областа на родовата еднаквост и вклучување на родовата перспектива во ревизорските практики.

2. Со цел унапредување на заедничките цели опишани претходно, Договорните страни се согласија да ги спроведат активностите утврдени во Описот на активностите („Активностите“), што повремено можат да се менуваат врз основа на писмен договор меѓу Договорните страни.

**Член III**
**Спроведување на МзР**

1. Договорните страни, можат со добра намера да ги договорат условите на сите последователни договори што може да бидат потребни за спроведување на Активностите. Во овие договори ќе се утврдат улогите и одговорностите на секоја Договорна страна и трошоците или расходите поврзани со Активностите и начинот на кој ќе ги сносат Договорните страни. Во овие договори ќе се вклучат и условите на овој МзР со упатување на него.

2. Договорните страни се согласуваат секоја од нив да назначи одговорно лице за долгорочно следење и управување со партнерските односи. Договорните страни исто така можат да одлучат да основаат работни групи што ќе бидат составени од претставници на секоја од Договорните страни и ќе бидат одговорни за следење на подготовката и извршувањето на Активностите.

**Член IV**
**Размена на информации и документи**

Договорните страни се согласуваат согласно потребите за спроведување на овој МзР да разменуваат релевантни информации и документи, а кои ќе подлежат на ограничувањата и постапките кои ќе ги побара секоја од Договорните страни за да се заштити доверливата природа на одредени информации и документи.

**Член V**
**Препознавање**

1. Во согласност со став 4 (користење на име, кратенка и симбол) од Општите услови, Договорните страни може да го потврдат и да ѝ ги откријат на јавноста овој МзР и информациите поврзани со Активностите, во согласност со тековните политики на секоја Договорна страна и со претходна писмена согласност на другата Договорна страна.

2. За време на јавни настани, конференции за медиумите или состаноци од каков било вид, претставниците на секоја од Договорните страни може да зборуваат за соработката поврзана со овој МзР, но единствено во свое име. Секое еднострано соопштение за медиумите на едната Договорна страна поврзано со овој МзР или Активностите што се издава во согласност со МзР, ќе се достави до одговорното лице за комуникација на другата Договорна страна за преглед и одобрување најмалку пет (5) работни денови пред објавување на соопштението.

**Член VI**
**Решавање на спорови**

1. Договорните страни ќе ги вложат сите напори за пријателско решавање на сите спорови, противречности или барања што произлегуваат од овој МзР.

2. Секој спор, противречност или барање меѓу Договорните страни што произлегува од овој МзР, што не е решен пријателски во согласност со

горенаведениот став, на барање на една од Договорните страни, се поднесува до трибунал од тројца арбитри („Трибунал"). Секоја Договорна страна назначува по еден арбитер, а двајцата арбитри назначени на овој начин потоа назначуваат трет арбитер, кој е претседавач на Трибуналот. Доколку во рок од 15 дена од назначувањето на двајцата арбитри, не се назначи и третиот арбитер, секоја од Договорните страни може да побара од Претседателот на Меѓународниот суд на правдата да го назначи споменатиот арбитер. Трибуналот ги утврдува своите постапки, доколку кои било двајца арбитри формираат кворум за сите цели, и за сите одлуки е потребна согласност од кои било двајца арбитри. Трошоците за работата на Трибуналот се на товар на Договорните страни како што се проценети од страна на Трибуналот. Арбитражната одлука содржи образложение за причините врз основа на кои е донесена и е конечна и обврзувачка за Договорните страни.

3. Доколку одредена одредба од овој МзР стане неважечка или неизвршна, тоа нема да влијае на важењето или извршноста на останатите одредби од овој МзР.

**Член VII**
**Известувања и адреси**

Сите известувања во согласност со овој МзР се доставуваат во писмена форма и се сметаат за извршени кога се доставени до Договорната страна и адресата наведена подолу:

| | |
|---|---|
| За UN Women: | Елиса Фернандез Саенз, заменик регионална директорка, в.д. регионална директорка<br>Abide-i Hürriyet Cad. İstiklal Sok. No: 11 KEY Plaza Kat:8<br>34381 Şişli, Истанбул, Турција |
| За Партнерот: | Максим Ацевски, главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија<br>ул. „Павел Шатев" бр. 2, Палата „Емануел Чучков"<br>1000 Скопје, Република Северна Македонија |

**Член VIII**
**Времетраење, прекинување, измени**

1. Овој МзР стапува на сила по неговото потпишување од двете Договорни страни и останува на сила за временски период од две години, освен ако не се прекине претходно од една од Договорните страни, во согласност со став 2 наведен подолу. Договорните страни можат да се договорат за продолжување на овој МзР за последователни периоди од по две години.

DocuSign Envelope ID: ABB41C5A-5845-48E4-94FF-4171B4DC8F46

# Анекс I
# Опис на активностите

Активностите во согласност со овој МзР ќе се спроведуваат во рамките на проектот на UN Women „Промовирање родово одговорни политики и буџети: Кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“ (фаза 2), што се спроведува со финансиска поддршка на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) и програмата „Промовирање на родово одговорно управување во Република Северна Македонија“ што се спроведува со финансиска поддршка на Шведската агенција за меѓународна соработка и развој (СИДА).

Овој МзР се однесува на следните активности:

1. **UN Women ќе бидат одговорни за:**

- Обезбедување поддршка за развој на капацитетите на државните ревизори и вработените во Државниот завод за ревизија за вклучување на родовата перспектива во ревизиите на успешност преку развој и спроведување на приспособен модул за градење капацитети;

- Поддршка на ДЗР во формирањето на посебно одделение/тим на ревизори со цел да се обезбеди одржливост на експретиза во институцијата за активности поврзани со родовите ревизии и континуирано зајакнување на капацитетите на персоналот;

- Обезбедување техничка поддршка на тимот на ревизори/одделението за родова ревизија, како и потребните алатки, ресурси и опрема за собирање податоци, анализи и спроведување на ревизија на успешност на родовата еднаквост;

- Постојана соработка со ДЗР на иницијативи насочени кон зајакнување на отчетноста на јавните институции за усогласување на националните политики за родова еднаквост со соодветните буџетски распределби, со користење на родово одговорно буџетирање како алатка;

- Поддршка на ДЗР во процесот на спроведување на родово специфични ревизии на успешност фокусирани на националните секторски програми или избрани програми на локалните самоуправи;

- Обезбедување обуки за внатрешните ревизори на буџетските корисници на централно и локално ниво за вклучување на родовата перспектива во ревизорските практики;

- Поддршка на ДЗР во подготовката и спроведувањето на Обука за обучувачи за ревизија на успешност во областа на родовата еднаквост за избран тим на обучувачи/ревизори во рамките на ДЗР;

- Поддршка за стекнување знаења и размена на искуства помеѓу институциите за ревизија во земјите од регионот;

- Овозможување на регионална размена и учење од добри пракси за вклучување на родовата перспектива во ревизиите на успешност помеѓу институциите за ревизија во другите европски земји;

- Подготовка на материјали за комуникација и видливост поврзани со спроведувањето на активностите согласно овој МзР.

**2. Партнерот ќе биде одговорен за:**

- Назначување на техничко лице за контакт и технички тим за олеснување на соработката во согласност со овој МзР;

- Поддршка при спроведување на процена на капацитетите и потребите за обука на вработените во ДЗР и идентификување на релевантни стручни лица кои ќе учествуваат на обуките;

- Постојана соработка со UN Women и експертите и обезбедување на потребни информации за подготовка на агенди, материјали, евалуација на обуки и други релевантни документи;

- Придонес во и учество на настани што се организираат за размена на знаења и добри практики за родовата ревизија на државно и регионално ниво;

- Водење на паралелна или кооперативна ревизија на родовата еднаквост во избраната тематска област и национални ревизии на успешност во областа на родовата еднаквост;

- Обезбедување учество на вработените во ДЗР во студиските програми за размена на искуства и регионални настани што ги организира UN Women;

- Придонес во подготовката на материјали за комуникација и видливост за активностите и постигнатите резултати.

## Анекс II: Општи услови за соработка

1. **Финансиско учество:** Активностите ќе се спроведуваат во согласност со прописите, правилата, политиките и постапките на секоја од Договорните страни, согласно достапноста на неопходните финансиски средства. Секој трансфер на средства меѓу Договорните страни ќе биде предмет на посебен договор во согласност со Член III.1 од МзР.

2. **Правен статус:**
   a. Ништо што се содржи во овој МзР и ништо што е поврзано со овој МзР нема да се толкува како основање на правно партнерство, заедничко вложување, вработување, ексклузивен аранжман или какви било други слични односи меѓу Договорните страни.
   b. Ниту една Договорна страна нема право ниту овластување да склучи каков било договор или потфат во име на, или за сметка на другата Договорна страна или да создаде или преземе каква било обврска од каков било вид, експлицитно или имплицитно, во име на другата Договорна страна, освен ако тоа не е конкретно утврдено во овој МзР.
   c. Освен доколку не е поинаку договорено меѓу Договорните страни, Партнерот или кое било лице вработено кај Партнерот нема да се смета за претставник или службено лице на UN Women и нема да има право на каква било исплата или надоместок на трошоци.

3. **Одговорности:** Секоја Договорна страна ќе биде одговорна за своите дела или пропусти.

4. **Користење на име, кратенка и симбол:** Ниту една Договорна страна нема да го користи името, кратенката или симболот на другата Договорна страна, нејзините подружници и/или партнери, без јасно претходно одобрување од другата Договорна страна, во секој поединечен случај. Во ниту еден случај нема да биде дадено овластување за користење на името, кратенката или симболот на UN Women во комерцијални цели или за користење на каков било начин кој упатува на одобрување на производите или услугите на Партнерот од страна на UN Women.

5. **Привилегии и имунитет:** Партнерот ќе го почитува статусот на UN Women како јавна меѓународна организација во системот на Обединетите нации. Ништо што се содржи во овој МзР или пак што се однесува на овој МзР нема да се смета за одрекување, експлицитно или имплицитно, од која било од привилегиите или имунитетите на UN Women.

6. **Почитување на законот:** Партнерот ќе ги почитува законите кои важат за него. Партнерот нема да дозволии кој било претставник или службено лице на UN Women да прими директна или индиректна придобивка од овој МзР или од кој било последователен договор меѓу Договорните страни.

7. **Отстапување:** Партнерот нема да го отстапи, пренесе, заложи или на друг начин оттуѓи овој МзР или кој било дел од него или кои било од неговите права, барања или обврски согласно овој МзР освен по претходно писмено одобрување од UN Women. Секое вакво неовластено отстапување, пренесување, заложување или каков било друг вид на оттуѓување нема да биде обврзувачко за UN Women.

8. **Неодрекување:** Секое одрекување од едната Договорна страна на прекршување на одредена одредба од овој МзР нема да делува или да се толкува како одрекување на кое било друго прекршување на таа одредба или на какво било прекршување на која било друга одредба од овој МзР. Неспроведувањето на одредена одредба од овој МзР од која било Договорна страна нема да претставува одрекување од таа одредба ниту пак од која била друга одредба од овој МзР. Секое одрекување мора да биде доставено во писмена форма и потпишано од страна на Договорната страна од која се бара извршување.

9. **Надоместување на штета**: Доколку Партнерот е меѓувладина организација надвор од системот на ОН, Партнерот ќе ги смета за ослободени од одговорност, брани и обесштети UN Women во однос на сите судски постапки, побарувања, трошоци и одговорности кои произлегуваат од спорови за интелектуална сопственост или други спорови кои се јавуваат согласно овој МзР и произлегуваат од дејства или пропусти на Партнерот, неговите претставници или вработени.

10. **Интелектуална сопственост: Со** овој МзР не ѝ се доделува право на која било Договорна страна да користи материјали кои ѝ припаѓаат на Договорна страна или пак таа ги создала. Секоја од Договорните страни ги задржува правата на интелектуална сопственост врз сите материјали кои таа ги подготвила и создала. Партнерот го признава принципот дека Организацијата на Обединетите нации ја поседува интелектуалната сопственост која се создава во рамки на програмските и проектните активности на Обединетите нации за општото добро и дека земјите членки на Обединетите нации имаат право на некомерцијална употреба на резултатите од таквите програмски и проектни активности. Договорните страни се согласуваат дека, освен ако не е поинаку предвидено со прописите, правилата, политиките и постапките на UN Women, или договорите кои UN Women ги има склучено со соодветните влади – домаќини и/или партнерите за спроведување на активности и програми, со интелектуална сопственост која се создава како резултат на Активностите ќе се управува на начин преку кој максимално се зголемува пристапот за јавноста до нив и се дозволува нивно најшироко можно користење.

2. Секоја од Договорните страни може да го прекине овој МзР по своја сопствена дискреција со претходно писмено известување до другата Договорна страна три месеци пред прекинувањето. Сите и последователни договори кои ќе се склучат во согласност со овој МзР исто така може да се прекинат во согласност со одредбите за прекинување кои се содржат во тие договори. Во таков случај, Договорните страни ги преземаат неопходните чекори за да обезбедат дека Активностите согласно овој и/или кој било друг последователен договор/-и брзо и уредно ќе се завршат.

3. Следните одредби продолжуваат да важат по истекувањето или прекинувањето на овој МзР:
   (a) Член IV (Размена на информации и документи), Член VI (Решавање на спорови);
   (b) Став 3 (Одговорност), Став 4 (Користење на име, кратенка и симбол), Став 5 (Привилегии и имунитети) и Став 10 (Интелектуална сопственост) од Општите услови; и
   (c) Доколку Партнерот е меѓувладина организација надвор од ОН, Став 9 (Надоместување на штета) од Општите услови.

4. Овој МзР може да се менува со меѓусебен писмен договор на Договорните страни.

**КАКО ПОТВРДА ЗА НАВЕДЕНОТО,** овластените претставници на Договорните страни ги ставаат своите потписи подолу.

*За UN Women:*

DocuSigned by:
Elisa Fernandez
BD33693A7731428...

**Елиса Фернандез Саенз**
Заменик регионална директорка,
в.д. регионална директорка
Регионална канцеларија за Европа и
Централна Азија

17-Nov-2023 | 7:55 AM EST

Датум

*За Државниот завод за ревизија*

**м-р Максим Ацевски**
Главен државен ревизор
Државен завод за ревизија

03-1130/1
04.12.2023

Датум